# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 147/15), во член 8 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Доколку давателот на услугата не ги информира корисниците на услугата за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата од ставот (2) на овој член, корисниците на услугата можат да поднесат приговор во рок од 15 дена од денот на дознавањето за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата до надзорниот орган на давателот на услугата."

**Член 2**

Во член 10 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Доколку давателот на услугата не ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдување со вода за пиење во случаите од ставот (1) на овој член, корисниците на услугата можат да поднесат приговор во рок од 15 дена од денот на дознавањето за не информирањето до надзорниот орган на давателот на услугата."

**Член 3**

Во членот 30 став (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а во спротивно корисникот на услугата може да поднесе приговор во рок од 15 дена од денот на констатирањето на дефектот до надзорниот орган на давателот на услугата."

**Член 4**

Во членот 41 став (1) зборовите: „осум дена" се заменуваат со зборовите: „15 дена".

**Член 5**

Во членот 44-а став (3) зборовите: „осум дена" се заменуваат со зборовите: „15 дена".

**Член 6**

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).